**З А П И С Н И К**

**Од 41- та редовна седница на Советот на општина Василево**

Советот на општина Василево ја одржа 41-та редовна седница на ден 23.06.2016 година (четврток) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Јован Пелтековски, Верица Ичева, Сашко Димитриев, Даниела Трајковска и Гонца Ангелова.

На седницата присуствуваше Ванчо Стојанов градоначалник на општина Василево, Славе Андонов извршител во одделението за нормативно правни работи, Бранко Андонов комунален инспекто,р Митко Јанев претседател на општинската изборна комисија и средствата за јавно информирање.

Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на седницата го стави на гласење. Записникот од 40-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 19.05.2016 година од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

За работа на 41-та седницата на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Извештај** на Општинската изборна комисија Василево за преземените работи согласно член 155 од Изборниот законик.
2. Донесување на **Заклучок** за престанок на мандатот на член на Советот на општина Василево.
3. **Верификација** на мандат на член на Совет на општина Василево.
4. Давање и подпишување на **свечена изјава.**
5. **Предлог-Одлука** за реализирање на проект за доделување на неповратни средства за секој купен велосипед од страна на жителите на општина Василево.
6. **Предлог-Одлука** за доделување на награда на наставник или наставници кои постигнуват посебни резултати во наставно- образовниот процес.
7. **Предлог-Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправни објекти-викендица к.п.бр.923 во КО Седларци.
8. **Предлог-Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправните објекти-помошни објекти к.п.бр.1 во КО Добрашинци вон г.р..
9. **Предлог-Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект-станбена куќа на к.п.бр.207 во КО Требичино.
10. **Предлог-Програма** за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина василево за 2016 година.
11. Разгледување на барање поднесено од група граѓани на село Ангелци.
12. Донесување на Одлука по Барањето поднесено од пинпонгарскиот клуб за лица со телесен инвалидитет Астарион спорт плус од село Ангелци.
13. Донесување на Одлука по Барањето поднесено од Мукадес Муратова од село Градашорци за бесплатен приклучок на вода од ЈП „Турија“ Василево.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 41-та седница на Совет на општина Василево никој не се јави за збор беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка: Извештај на Општинската изборна комисија Василево за преземените работи согласно член 155 од Изборниот законик за збор се јави Силвана Јованова претседател на Верификационата комисија рече дека комисијата поради немање кворум за работа не се состана.

Немаше друг пријавено за збор првата точката **Извештај на Општинската изборна комисија Василево за преземените работи согласно член 155 од Изборниот законик**, беше ставена на гласење од присутни 10 советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „ за „ „ против „ и „ воздржани „ нема.

**2.**

По отворената расправа по втората точка Драги Митев претседател на Советот на општина Василево рече дека се работи за Донесување на Заклучок за престанок на Мандат на членот на Советот на општина Василево Весна Ризова.

Немаше друг пријавено за збор втората точка **Донесување на Заклучок за престанок на мандатот на членот на Советот на општина Василево Весна Ризова**, беше ставена на гласење од присутни 10 советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „ за „ „ против „ и „ воздржани „ нема.

**3.**

По отворената расправа по третата точка Верификација на мандат на член на Советот на општина Василево за збор се јави Драги Митев претседател на Советот на општина Василево рече дека Советот го усвои Извештајот на општинската изборна комисија и констатира дека се исполнети условите да се верификува мандатот на новоизбраниот член на Советот на општина Василево Сашо Георгиев од село Владевци од кандидатската листа на коалицијата за подобра Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ и група партии.

Немаше друг пријавено за збор точка Верификација на мандат на член на Советот на општина Василево беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема**, при што Советот на општина Василево го верификува мандатот на новоизбраниот член на Советот на општина Василево Сашо Георгиев од село Владевци** кандидат од листата на коалицијата за подобра Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ и група партии.

4.

Новоизбраниот член на Советот на општина Василево Сашо Георгиев од село Владевци даде и подпиша свечена изјава дека правото и должност на член на Советот ќе ја врши совесно и одговорно и при нивното вршење ќе ги почитува Уставот и законите и прописите на Советот и ќе го почитува Уставниот поредок на Република Македонија.

**5.**

**Џоко Христов** член на Советот на општина Василево побара образложение од градоначалникот Ванчо Стојанов во врска Предлог-Одлука за реализирање на проект за доделување на неповратни средства за секој купен велосипед од страна на жителите на општина Василево, праша од каде ќе идат средствата дали има определени места од каде што ке се купуват велосипедите и дали има одредено која група или категорија на граѓани ги опфаќа овој проект.
**Ванчо Стојанов** градоначалник на општина Василево рече дека од страна на Владина седница има донесено инијацетива единиците на локалните самоуправи да реализират проект за доделување на неповратни средства за секој купен велосипед од страна на жителите на општина Василево, средствата ќе ги исплаќа општина Василево. Исплаќање ќе се врши врз основа на доставена фактура или фискална сметка од купен велосипед и документ за едintификација на место на живеење. Не е обврзано местото од каде ке биде купен велосипедот, средствата ќе бидат исплатени според вредноста по која е купен велосипедот, тоа не важи за половните велосипеди. Граѓаните треба да достават барање до општина Василево каде што ќе им бидат исплатени средства. Рече дека Општина Василево прва ја презеде одговорноста за реализирање на овој проект.

По затворената расправа **Предлог-Одлука за реализирање на проект за доделување на неповратни средства за секој купен велосипед од страна на жителите на општина Василево,** беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема**,**

**6.**

По отворената расправа по шестата точка Предлог-Одлука за доделување на награда наставници во кои постигнуват посебни резултати во наставно- образовниот процес, Ванчо Стојанов градоначалник на Општина Василево рече дека се работи за одобрување на награда на наставници во ООУ„Гоце Делчев" Василево од 10.000 денари кој постигнале резултати во наставно-образовниот процес на државен надпревар а тоа ќе биде мотив повеќе да се ангажира и другиот наставен кадар и поголема афирмација на училиштето на државно и меѓународно ниво.

Немаше друг пријавено за збор **Предлог-Одлука за доделување на награда наставници во кои постигнуват посебни резултати во наставно-образовниот процес,** беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема**,**

**7.**

По отворената расправа по точката: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправни објекти-викендица к.п.бр.923 во КО Седларци,** никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема**,**

**8.**

По отворената расправа по точката: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправните објекти-помошни објекти к.п.бр.1 во КО Добрашинци вон г.р..** никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема**,**

**9.**

По отворената расправа по точката: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект-станбена куќа на к.п.бр.207 во КО Требичино,** никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема**,**

**10**

**Ванчо Стојанов** градоначалник на општина Василево како предлагач на : Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2016 година рече дека се работи за проширување на локална урбанистичка планска документација во КО Владевци до старата касарна каде ќе се изврши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон градежен опфат на село Владевци се работи за инијацетива на градежната фирма ,, Жикол" каде што тие сами ќе го финансират овој урбанистички план општина Василево нема да има трошкови.

По затворената расправа **Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2016 година,** беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема**,**

**11.**

По отворената расправа по барањето Ванчо Стојанов градоначалник на општина Василево рече дека се работи за барање доставено до општина Василево од страна на група граѓани од село Ангелци се однесува за изградениот спортски објект фудбалко и тениско игралиште во село Ангелци според направениот увид нема потреба од дополнително оградување со мрежа од 6 м бидејќи ќе претставува не безбедност и ризик кај играчите што се рекреират и двете страни се заштитени нема пречки не постои ризик граганите што живеат таму да бидат загрозени, спортскиот објект е граден според сите стандарди и нема потреба од дополнително вградување.

По затворената расправа, **Да не се прифати Барањето поднесено од група граѓани на село Ангелци,** беше ставено на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема**,**

**12.**

По отворената расправа по Донесување на Одлука по Барањето поднесено од пинпонгарскиот клуб за лица со телесен инвалидитет Астарион спорт плус од село Ангелци, за збор се јави Силвана Јованова претседател на комисијата за финансии рече дека поради немање кворум за работа комисијата не се состана. Нејзин предлог е да се доделат средства во висина од 10,000 денари

Немаше друг пријавено за збор **предлогот на Силвана Јованова да се доделат финансиски средства во висина од 10,000 денари по Барањето поднесено од пинпонгарскиот клуб за лица со телесен инвалидитет Астарион спорт плус од село Ангелци,** беше ставено на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема**,**

**13.**

По отворената расправа по точката Донесување на Одлука по Барањето поднесено од Мукадес Муратова од село Градашорци за бесплатен приклучок на вода од ЈП „Турија“ Василево, за збор се јави Силвана Јованова претседател на комисијата за финансии рече дека поради немање кворум за работа комисијата не се состана. Нејзин предлог е да се прифати Барањето

Немаше друг пријавено за збор **предлогот на Силвана Јованова да се прифати Барањето поднесено од Мукадес Муратова од село Градашорци за бесплатен приклучок на вода од ЈП „Турија“ Василево,** беше ставено на гласење од 10 присутни советници **Советот на општина Василево го прифати Барањето** со 10 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема**,**

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советотот на општина Василево Драги Митев ја затвори 41-та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
Драги Митев